Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Бр. 11-12-1275
Скопје
07-05-2021

Врз основа на член 44 став (3) и став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 и 229/2020) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование бр. 18-6573 од 06.07.2020 и бр. 18-3228/1 од 22.02.2021 година, Министерството за образование и наука донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари за учениците од основните училишта

1. Се акредитира Здружение на граѓани **Македонско биолошко друштво** за организирање на натпревари на ученици од основните училишта по наставниот предмет **Природни науки**.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Здружение на граѓани Македонско биолошко друштво бр. 12-5149/1 од 19.03.2021 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.
4. Ова Решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Министерството за образование и наука, на својата интернет страница објави Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта бр. 12-4212/1 од 05.03.2021 година, согласно кој Здружение на граѓани Македонско биолошко друштво поднесе барање за акредитација бр. 12-5149/1 од 19.03.2021 година.

Согласно член 44 став (3) од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр. 18-1083/1 од 22.01.2020 година, со Записник од работата на Комисијата бр. 12-4212/2 од 29.04.2021 година, утврди дека Здружение на граѓани Македонско биолошко друштво, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на ученици од основните училишта утврдени во член 44 став (5) од Законот за основното образование, поблиските критериуми од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на ученици по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование и ја има доставено потребната документација наведена во Јавниот повик.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова Решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на Решението.

По дадено овластување од министерката за
образование и наука бр.08-2571/1 од 10.02.2021 год.

**Државен советник,**
**Назихтере Сулејмани**

Изготвил: Горан Тодороски
Контролирал: Јаворка Ѓоргиеваска
Одобрил: Маја Бичиклиска